Почитувани,

Ве информираме дека трите здруженија - Друштвото на физичари на Република Македонија (ДФРМ), Сојузот на хемичари и технолози на Македонија (СХТМ) и Македонското биолошко друштво (МБД) ќе организираат обуки за наставници кои изведуваат настава по предметот природни науки. Обуките и работилниците се однесуваат на темите по природни науки од прво до четврто одделение. Дводневните обуки ќе се одржат во следните термини:

- 26. август и 27. август 2019 г. и
- 29. август и 30. август 2019 г.

Дводневните обуки ќе бидат спроведени според поглавјата застапени по предметот природни науки од прво до четврто одделение.

Пријавувањето на заинтересираните одделенски наставници ќе се одвива до 15. јули 2019 год. со пополнување на формулар - https://forms.gle/j6rr7xQ5Hin2ZdAp9.

Котизацијата во износ од 1800,00 денари (жиро сметка: 300000001043853, Комерцијална банка А.Д. Скопје, Друштво на физичарите на Република Македонија). Уплатата за обуките треба да се изврши до 20. август 2019 г.

Програмата за работа на обуките ќе биде дополнително доставена до пријавените наставници.

Сертификатите за обуките се издаваат исклучиво по завршување на обуките.

Информацијата ќе биде доставена до сите одделенски наставници кои досега учествувале како ментори на натпреварите по природни науки, но пожелно е да ја доставите до сите одделенски наставници во вашето училиште, бидејќи контактите од оваа категорија на наставници не е комплетна.

За дополнителни информации пратете порака на fizikanatprevari@gmail.com

Скопје, 25 јуни 2019

Со почит,

Доц. д-р Ламбе Барандовски, Претседател на ДФРМ

Проф. д-р Зоран Здравковски, Претседател на СХТМ

Проф. д-р Сузана Диневска Ковкаровска, Претседател на МБД